Бр./Nr 12-1668/5
01-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-мата седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1668/1 од 18.03.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости поврзани со извршување на услуги за превоз на ученици од ООУ /// – /// и наводи за неисполнување на обврски од работен однос од страна на службено лице, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1668/1 од 18.03.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 18.03.2026 година поднесена е пријава со наводи за незаконитости поврзани со извршување на услуги за превоз на ученици од ООУ /// – /// и наводи за неисполнување на обрски од работен однос од страна на службено лице и оформен е предмет број 12-1668/1 од 18.03.2026 година.
Сомневањето во однос на извршувањето на услуги за превоз на учениците од ООУ /// – /// подносителот на пријавата го поврзува со околностите во кои превозот фактички се извршува од страна на /// - лице кое нема соодветна професионална квалификација, и кое истовремено во училиштето е ангажирано како хаусмајстор, при што не ги исполнува обврските за редовно и навремено присуство на работното место во училиштето.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до ООУ /// – ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставена до ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По спроведена постапка за јавна набавка, ООУ /// – /// во 2025 година има склучено договор за вршење на превоз на ученици со правното лице /// – економски оператор кој во постапката доставил најповолна понуда, и којшто е целосно надлежен и одговорен за организацијата, реализацијата и извршувањето на превозот на учениците.
Лицето ///, на кое се однесуваат наводите од пријавата, е во редовен работен однос во училиштето, каде извршува задачи на работното место хигиеничар, врз основа на договор за вработување на неопределено време.
Според образложението доставено од страна на ООУ /// – /// како одговор на барањето на ДКСК, ова лице не било ангажирано ниту на кој било начин вклучено во извршувањето на јавниот превоз на учениците.
Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: А.Ч., претседател на ДКСК